**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

## за I година

**Гимназиско образование**

**Скопје, 2025 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Француски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Ниво на изучување** | По првата година од изучувањето на францускиот јазик треба да се достигнат знаења од рамништето А2 (основно ниво) според Заедничката европска референтна рамка за јазиците. |
| **Теми/подрачја во наставната програма**[1] | ● ***Воспоставување контакт***<br>● ***Слободно време***<br>● ***Пошироко окружение***<br>● ***Физичка и здравствена состојба***<br>● ***Култура и интеркултурна комуникација*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ● Компјутер, печатач, проектор, табла, ЦД/ДВД-плеер, интерактивна табла, Интернет, образовни софтвери;<br>● Нагледни средства, постери, фотографии, слики, флеш-карти, налепници, хартија, хартија во боја, хамер, …<br>● Учебник, прирачници, речници, списанија, стрипови (печатени и онлајн). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Француски јазик во I (прва) година гимназиско образование може да ја изведува лице кое завршило:<br>● студии по француски јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>● студии по француски јазик и книжевност – наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС, |

[1] Називот на темата е формулиран согласно соодветната лексика која преовладува во неа, но при избор на учебник и/или друг дидактички материјал треба да се земат предвид јазичните функции, лексичките единици и граматичките структури застапени во целата наставна програма, без оглед на тоа како се распоредени по темите во наставната програма.

| | |
|---|---|
| | • студии по француски јазик и литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по француски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Тема 1: ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОНТАКТ<br>Вкупно часови: 16</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со лични податоци и податоци за други лица;<br>2. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со афинитети и интереси;<br>3. побара/даде основни информации за себе и за други лица при прв контакт (име, адреса, телефонски број, возраст, професија, националност);<br>4. побара/даде информации за сопствени и туѓи афинитети и интереси;<br>5. напише краток текст/ пополни едноставен формулар во кој/кое се претставува себеси и/или друг.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):</td><td>Стандарди за оценување:</td></tr>
<tr><td>А) Говорни чинови (actes de parole):<br><br>• Барање/давање информации при воспоставување прв контакт<br><br>(- Vous vous appelez comment ? - Je m'appelle Sophie. Je viens de Nice. Je travaille à l’Institut français de Skopje.<br>-Cette fille, c’est qui ? - C’est Marie, lycéenne de Marseille.</td><td>• Разбира слушнат и/или пишан текст во врска со лични податоци и податоци за други лица.<br>• Разбира слушнат и/или пишан текст за сопствени и туѓи афинитети и интереси.<br>• Разменува информации, во усна интеракција, за себе и за други лица при прв контакт (име, адреса, телефонски број, возраст, професија, националност).<br>• Разменува информации, во усна интеракција, за сопствени и туѓи афинитети и интереси.<br>• Пополнува формулари со основни лични податоци.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| *-Salut ! Je te présente Pierre, mon ami de Dijon. Il étudie les maths avec moi. Il s’intéresse aussi à l'informatique.*<br>*-Bonjour Monsieur Dubois. Je vous présente ma famille. Mes parents, Paul et Catherine, ma sœur Anne et mon frère Patrick.*<br>*-Tu habites où? - J’habite rue Victor Hugo.*<br>*-Tu t'intéresses à quel sport ? - Je fais du basket. Mon frère fait de la natation. Et toi ? - Moi, je joue au foot.*<br>*-J’habite à Bitola et mes grands-parents habitent à la campagne*<br>*-Je m’appelle Monique. Je suis Macédonienne. J’ai 15 ans. J’habite à Skopje, 11, rue Victor Hugo. Je suis en première année au lycée XXX. J’aime le français et la culture française. Je voudrais aller à Paris et visiter la Tour Eiffel.*)<br><br>● **Искажување афинитети и интереси**<br>(*- J’aime bien dessiner. Je participe souvent aux concours scolaires.*<br>*-J’adore la musique française et surtout les chansons de Lara Fabian.*<br>*-Mes parents aiment la montagne. Moi, je préfère la mer.*) | ● Пишува краток едноставен текст за лично претставување или за претставување друга личност.<br><br>- |

| | |
|---|---|
| -<br><br>. | |
| Б) Лексички единици:<br><br>● **Зборови и изрази при воспоставување контакт и претставување на себеси и на друга личност:** Nom et prénom, date de naissance, nationalité, adresse, numéro de téléphone, éducation (école primaire et lycée), …<br><br>(- *C'est … / Voici … / Voilà … / Je te présente…*<br>*-Enchanté(e).*<br>*-Bonsoir / à bientôt / à tout à l'heure / bonne journée / bonne soirée …*<br>*-Être de nationalité française / canadienne/ macédonienne, …*<br>*-Être né(-e) le ….*<br>*-Habiter à…, venir de…*<br>*-Être lycéen(-enne))* | ● Разбира и набројува зборови и изрази што се користат при воспоставување контакт и претставување себеси и друга личност (лични податоци, афинитети, интереси).<br>● Пренесува значење, на мајчин или на француски јазик, на зборови и изрази што се употребуваат при воспоставување прв контакт и претставување себеси и друга личност.<br>● Употребува соодветни зборови и изрази при воспоставување прв контакт и претставување себеси и друга личност.<br>● Употребува соодветни зборови и изрази, при усно искажување, поврзани со афинитети и интереси.<br>● Употребува соодветни зборови и изрази во краток едноставен текст за лично претставување или за претставување друга личност.<br>● Употребува соодветни зборови и изрази, во краток едноставен текст, поврзани со свои и туѓи афинитети и интереси. |

| | |
|---|---|
| • **Афинитети и интереси**<br>*(aimer, adorer, préférer, détester, s'intéresser à, faire de , jouer à/de …)*<br><br>• **Les professions**<br>(*un(-e) enseignant(-e), un(-e) professeur(-e), un(-e) informaticien(-ne), un(-e) serveur(-euse), un(-e) architecte(-e), un(-e) boulanger(-ère), un(-e femme) médecin, un(-e) infirmier(-ère), un(-e) pharmacien(-ne), un(-e) programmeur(-euse), un(-e) acteur(-rice) …*) | |

| В) Граматички содржини: | |
|---|---|
| ● **Фонетика (Phonétique):**<br>Продолжение на усвојувањето на:<br>- Вокален и консонантски систем на францускиот јазик (le système vocalique et consonantique du français);<br>- Прозодиските елементи: акцент, ритам, интонација (les éléments prosodiques: accent, rythme, intonation);<br>- Задолжителното поврзување (les liaisons obligatoires; l'enchaînement); елизија на вокалите (l'élision des voyelles).<br><br>Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br>● **Член (Article):**<br>- неопределен, определен, збиен (indéfini, défini, contracté)<br>● **Именки (Noms):**<br>- род (genre) и број (nombre) на често употребувани именки.<br>● **Придавки (Adjectifs):**<br>- Описни, присвојни, показни и прашални (Les adjectifs qualificatifs, possessifs, démonstratifs et interrogatifs ;<br>- Неопределени (indéfinis);<br><br>● **Заменки (Pronoms):**<br>- Неопределени (Les pronoms indéfinis): (*tout(e), tous(tes)*);<br>- Заменки за директен и индиректен предмет (Les pronoms compléments d'objet direct et indirect); | ● Разликува и правилно изговара гласови карактеристични за францускиот јазик во зборови, ритмички групи, реченици.<br>● Се изразува  со доволно правилен изговор за да биде разбран.<br>● Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>● Ги употребува средствата за претставување:  *C'est …; Voici …; Voilà ...* во даден контекст.<br>● Употребува соодветни форми на именки.<br>● Употребува соодветни форми на описни, присвојни, показни, прашални и неопределени придавки.<br>● Употребува соодветни форми на неопределени заменки, заменки за директен и индиректен предмет и долги заменски форми.<br>● Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во сегашно време.<br>● Ги употребува прилозите за количина и за начин: *très, beaucoup, assez, bien, mal, vite, ensemble*, ... во едноставни реченици.<br>● Употребува соодветни форми на предлози и сврзници во даден контекст.<br>● Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици при усно и писмено изразување. |

| | |
|---|---|
| - Долги заменски форми (Les pronoms toniques): (*moi, toi, lui, elle, nous, vous, eux, elles*).<br><br>● **Средства за претставување (Les présentatifs):** (*C'est … ; Voici … ; Voilà …*).<br><br>Повторување и продлабочување на:<br>● **Глаголски времиња и начини:**<br>- Индикатив (Indicatif)<br>- Сегашно време (Le présent).<br><br>● **Прилози (Adverbes):**<br>- За количина (Les adverbes de quantité): (*très, beaucoup, assez, …*);<br>- За начин (Les adverbes de manière): (*bien, mal, vite, ensemble, aussi …*);<br><br>● **Предлози (Prépositions) :** (*à, de, avec, dans, sur, sans, par…*)<br><br>● **Сврзници (Conjonctions):** (*et, ou, mais, donc, …*)<br>● **Проста реченица (Phrase simple):** исказна - потврдна и одречна форма (phrase déclarative - forme affirmative et négative); прашална (phrase interrogative); извична (phrase exclamative). | |

| | |
|---|---|
| | |

**Примери за активности**

**Слушање/читање краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (*qui, quoi, quand, comment, où*), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.
*Deux amis de Skopje - Je m'appelle Mathieu, j'ai 15 ans et j'habite à Skopje, rue Makedonija. J'adore la musique ! Je joue de la guitare et j'écoute des chansons tous les jours. Mon groupe préféré est Coldplay. Ma meilleure amie s'appelle Elena. Elle a aussi 15 ans et habite rue Makedonija, elle aussi. Nous sommes voisins. Elena aime beaucoup la peinture. Elle dessine souvent des paysages et des portraits. Le week-end, on se retrouve au parc pour parler de musique et d'art. On s'amuse bien ensemble !*

**Вежба:** *Трансформирање реченици*. Наставникот им дели на учениците ливчиња на кои е напишана реченица со машко или женско име. Учениците усно, во двојки, ја трансформираат реченицата усогласувајќи ги именките и придавките по род. пр. *Nicolas est chanteur. / Caroline est ___________. ;* *Claudine est Française. Claude est ____________.*)

**Креативна активност:** *Што сака тој/таа?* (работа во групи од по 4 ученика) – Наставникот дели на секоја група по една слика на која е претставено момче, девојче, млада жена, возрасен човек итн.. Во рамки на групата, учениците даваат претпоставки за афинитетите и интересите што би можело да ги има личноста од сликата, пишувајќи по три реченици. Потоа, по еден престставник од секоја група го чита напишаното пред сите ученици. Накрај, се бира најкреативниот и најточниот текст.

**Вежба:** *Погоди ја професијата*. - Еден ученик кажува по три клучни збора за една професија. Останатите ученици погодуваат за која професија станува збор. (*école + élève + mathématiques = enseignant*)

**Вежба:** *Визит-картички.* Во групи од по 3 ученика, двајца креираат визит-картички со измислени податоци. Наизменично, двајцата ученици усно поставуваат прашања од типот: *Comment il s'appelle ? Quelle est son adresse ? Quelle est sa profession ? Quel est son numéro de téléphone ?* и ги одговараат врз основа на податоците од картичката. Третиот ученик ги запишува податоците составувајќи краток едноставен текст *(Il s'appelle Bruno. Il est styliste. Il habite Marseille, 19, rue de la Gare. Son numéro de téléphone est 04  68 90 65 40.)* Потоа претставник од секоја група ги чита текстовите пред паралеката, по што наставникот ги покажува визит-картичките, а учениците од останатите групи предлагаат корекции, доколку е потребно.

**Вежба:** *Интервју (игра во парови*). Еден ученик поставува прашања кои се поврзани со лично претставување, а другиот ученик одговара на прашањата. (*Quel est votre nom ? -Je m'appelle. … ; Quel âge avez-vous ? J'ai 20 ans. Quelle est votre adresse ? 17, Rue Victor Hugo. Quelle est votre adresse électronique ? - cccl@yahoo.com …*

**Вежба:** „Пронајди партнер"-учениците добиваат листови/картички со конкретни информации кои ќе ги бараат од другите ученици (на пр. *како се викаш, колку години имаш, кое е твоето хоби, каква музика слушаш, кои јазици ги зборуваш* итн.). Потоа секој ученик добива задача да „пронајде партнер" со кого споделува слични афинитети. Учениците се движат низ училницата, разговараат и ги поставуваат прашањата за да ги пронајдат оние што одговараат на критериумите. На крајот учениците известуваат за „пронајдениот партнер".

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн-вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење француски јазик).

**Усно изразување:**
*Bonjour tout le monde !*
*Je m'appelle Julie Blanc, j'ai 15 ans et je viens de Marseille. Je suis en seconde. Mes matières préférées sont les mathématiques et la physique. J'ai aussi une grande passion pour les langues. J'adore la musique, je joue du piano depuis l'âge de 8 ans. Je participe souvent aux petits concerts organisés dans mon école.*

**Усна интеракција:**
*-Bonjour, je m'appelle Léa, j'ai 15 ans et je vais au lycée...*
*-Bonjour Léa ! Je m'appelle Yves, je suis lycéen aussi.  J'aime la littérature et l'art. Et toi?*
*-Moi, j'adore les sciences naturelles.*

**Писмено изразување:** Учениците составуваат едноставен текст во кој се претставуваат (лични податоци) и ги искажуваат своите афинитети и интереси.

**Креативна активност:** Учениците, во групи, со помош на информатички алатки или вештачка интелигенција изработуваат аватари на замислени ликови од различна професија и со различи афинитети и интереси. Потоа ~~ги~~ замислените ликови ги презентираат со усвоениот вокабулар пред паралелката, а на крајот бираат најкреативната изработка.

Тема 2: ***СЛОБОДНО ВРЕМЕ***

Вкупно часови: 17

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да**:**

1. разбере слушнати/пишани искази/ едноставни кратки текстови во врска со активности во слободното време;
2. побара/даде информации при усна интеракција на тема: слободно време;
3. опише усно и во едноставен текст, ситуации, (минати) активности во слободното време;
4. напише краток текст-покана/одговор на покана.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| А) Говорни чинови (actes de parole):<br>● **Барање/давање информации за активности од слободното време**<br>*(-Quels sont tes loisirs ? - D’habitude, je me promène avec mes amis (dans le parc).*<br>*- Hier, Martin a décidé de passer toute la journée avec ses amis. Ils ont fait un pique-nique au bord de la rivière.*)<br>● **Упатување усна покана - прифаќање/одбивање покана**<br>*(- On va au cinéma ce soir ? - Oui, pourquoi pas. / D’accord. Qu’est-ce qu’on va regarder ?*<br>*- Désolé(e), j’ai un test de math, je dois étudier*.)<br>● **Составување покана/одговор на покана** | ● Разбира слушнат и/или пишан текст во врска со активности во слободно време.<br>● Разменува информации, во усна интеракција, за активности во слободно време.<br>● Поканува и одговара на покана, во усна и писмена интеракција.<br>● Составува едноставен текст за активностите од своето слободно време.<br>● Опишува, во едноставен краток текст, минати активности од слободното време. |

| | |
|---|---|
| *(Chère Sophie,<br>Je t'invite au concert de Zaz qui a lieu à Bercy, le 22 décembre à 20 heures.<br>Bises,<br>Caroline<br>…….<br>Chère Caroline,<br>Merci de ton invitation. Je viendrai avec toi avec très grand plaisir.<br>Bises,<br>Sophie*<br><br>*Chère Caroline,<br>Merci de ton invitation. Malheureusement, je ne peux pas venir au concert. Le 20 décembre je vais à Bordeaux avec mes parents.<br>Bises,<br>Sophie)*<br><br>● **Опишување (минати) активности од слободното време**<br>*(Après les cours, je joue souvent aux jeux vidéo. Deux fois par semaine je fais du sport, je fais de la natation à la piscine de mon quartier.*<br><br>*La semaine passée je suis allé(e) au cinéma avec ma sœur. Nous avons regardé le dernier film de Omar Sy. Le film était magnifique. Les spectateurs ont été très contents.)* | |
| Б) Лексички единици:<br>● **Активности во слободното време:**<br>(*faire du sport / de la randonnée / une promenade, voyager/ faire un voyage,* | ● Разбира и набројува зборови и изрази што означуваат активности од слободното време. |

| | |
|---|---|
| *visiter une exposition, lire un livre,*<br>*aller au cinéma / au théâtre /à un concert/ à la cafétéria;*<br>*regarder un film / une pièce de théâtre / un ballet / un opéra / un spectacle,*<br>*sortir avec des amis, promener son chien,*<br>*fabriquer des décorations de Noël, apprendre une nouvelle langue sur la plateforme Duolingo;*<br>*organiser des jeux de société/des sessions de jeux vidéo entre amis/ un cinéma en plein air/une soirée karaoké; naviguer sur internet,*<br>*créer un blog, …*)<br><br>● **Атмосферско време:**<br>(*Il y a du soleil, Il pleut/ Il pleuvait, Il y a des orages / des tempêtes, Il y avait des nuages, il fait beau, il faisait très chaud, il neige/ il neigeait, il gèle, il fait 30 degrés, ...)* | ● Пренесува значење, на мајчин или на француски јазик, на зборови и изрази поврзани со активности од слободното време.<br>● Употребува соодветни зборови и изрази при поканување и одговарање на покана.<br>● Употребува соодветни зборови и изрази, при усно искажување, поврзани со минати активности од слободното време;<br>● Употребува  соодветни зборови и изрази, во краток едноставен текст, поврзани со минати активности од слободното време. |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>● **Фонетика (Phonétique):**<br>Продолжение на усвојувањето на:<br>- Вокален и консонантски систем на француският јазик (le système vocalique et consonantique du français);<br>- Прозодиските елементи: акцент, ритам, интонација (les éléments prosodiques: accent, rythme, intonation );<br>- Задолжителното поврзување (les liaisons obligatoires; l'enchaînement); елизија на вокалите (l'élision des voyelles).<br><br>Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br>● **Член (Article):**<br>-неопределен, определен, партитивен, збиен (indéfini, défini, partitif, contracté).<br><br>● **Именки (Noms):**<br>- род (genre) и број (nombre) на често употребувани именки.<br><br>● **Придавки (Adjectifs):**<br>- описни, присвојни, показни и прашални, (Les adjectifs qualificatifs, possessifs, démonstratifs et interrogatifs).<br><br>● **Заменки (Pronoms):**<br>- неопределени, (Les pronoms indéfini): (tout(e), tou(te)s); | ● Разликува и правилно изговара гласови карактеристични за францускиот јазик во зборови, ритмички групи, реченици.<br>● Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран.<br>● Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>● Употребува соодветни форми на именки (поврзани со темата).<br>● Употребува соодветни форми на описни, присвојни, показни и прашални придавки.<br>● Употребува соодветни форми на неопределени заменки, заменки за директен и индиректен предмет, долги заменски форми и прилошки заменки.<br>● Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во сегашно време.<br>● Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во минато определено свршено време (passé composé) и минато неопределено време (imparfait).<br>● Ги употребува прилозите за количина и за начин: *très, beaucoup, assez, bien, mal, vite, ensemble,...* во едноставни реченици.<br>● Ги употребува прилозите за честота (Les adverbes de fréquence): *souvent, toujours, parfois, rarement, jamais, …* во едноставни реченици.<br>● Употребува соодветни форми на предлози и сврзници во даден контекст.<br>● Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици при усно и писмено изразување. |

| | |
|---|---|
| - заменки за директен и индиректен предмет (Les pronoms compléments d'objet direct et indirect);<br>- прилошки заменки (Les pronoms adverbiaux): (en, y) ;<br>- долги заменски форми (Les pronoms toniques): (moi, toi, lui, elle, nous, vous, eux, elles).<br><br>Повторување и продлабочување на:<br>● **Глаголски времиња и начини:**<br>-Индикатив (Indicatif)<br>- Сегашно време (Le présent);<br>- Минато определено свршено време (Le passé composé);<br>- Минато несвршено време (L'imparfait).<br><br>● **Прилози (Adverbes):**<br>-За честота (Les adverbes de fréquence): (souvent, toujours, parfois, rarement, jamais);<br>-За количина (Les adverbes de quantité): (*très, beaucoup, assez, …*);<br>-За начин (Les adverbes de manière): (*bien, mal, vite, ensemble …*);<br>-За место (Les adverbes de lieu): ( *ici, là, …*).<br>● **Предлози (Prépositions):**<br>(*à, de, avec, dans, sur, sans, par…*).<br><br>● **Сврзници (Conjonctions):**<br>(*et, ou, mais, donc, …*).<br><br>● **Проста реченица (Phrase simple):**<br>исказна - потврдна и одречна форма (phrase déclarative - forme affirmative et négative); | |

| | |
|---|---|
| прашална (phrase interrogative); извична (phrase exclamative). | |

**Примери за активности**

**Вежба:** *Бура на идеи.* Наставникот запишува на табла: *les loisirs*. Учениците кажуваат поими и изрази поврзани со темата, а наставникот ги запишува на табла. Потоа, заедно со учениците, ја дополнува листата со нови изрази, потребни за реализирање на активностите од темата.

**Слушање/читање краток едноставен текст проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (*qui, quoi, quand, comment, où*), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*Les loisirs de Clara*

*Clara adore passer son temps libre à la bibliothèque. Chaque samedi matin, elle s'installe près de la fenêtre avec un livre et une tasse de thé. Parfois, elle participe à des ateliers d'écriture organisés par la bibliothèque. Le dimanche, s'il fait beau, elle fait du vélo dans le parc avec ses amis. Pour Clara, le week-end est le moment idéal pour se reposer.*

(По слушање на текстот) *Questions :*

1. *Qui passe du temps à la bibliothèque ?*
2. *Que fait Clara le dimanche ?*
3. *Quand va-t-elle à la bibliothèque ?*
4. *Comment se repose-t-elle pendant le week-end ?*
5. *Où fait-elle du vélo ?*

*Vrai ou Faux:*

1. *Clara va à la bibliothèque tous les jours. (Faux)*
2. *Elle aime lire près de la fenêtre avec une tasse de thé. (Vrai)*
3. *Clara participe parfois à des ateliers de peinture. (Faux)*
4. *Le dimanche, elle fait du vélo avec ses amis. (Vrai)*

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Учениците поврзуваат дадени слики со соодветни зборови и изрази што означуваат активности од слободното време (на работен лист или на интерактивна табла). Ги проверуваат заеднички решенијата и ги коригираат доколку е потребно. Потоа ги препишуваат во тетратките.

**Вежба:** *Je t'invite…*: Учениците се делат во групи од по тројца. Едниот ученик ги поканува останатите двајца, од кои едниот ја прифаќа поканата, а другиот ја одбива. Останатите ученици од групите внимателно слушаат и коригираат, доколку има потреба.

**Практична задача:** *Доаѓање до правилото*. Учениците читаат текст во кој глаголите се дадени во *passé composé* и во *imparfait*, ги издвојуваат глаголите, ги читаат, а наставникот ги запишува на табла во две различни колони. Потоа учениците даваат претпоставки за употребата на двете времиња и со помош на наставникот ги откриваат правилата, а наставникот ги запишува на табла.

**Креативна активност:** *Histoire enchaînée*. Учениците имаат задача да напишат два текста во кои ќе опишат минати активности од слободното време. Наставникот распределува ученици во две групи и им дава листови хартија. Учениците од секоја група се распоредени во круг. Еден ученик почнува пишувајќи ја првата реченица: *Hier, je suis allée au cinéma ….. avec ma cousine*. Вториот ученик на истиот лист допишува втората реченица. На пр. *Nous avons vu le dernier film de…*. Третиот продолжува, на пр. *La salle était pleine*. И така до последниот. Накрај, последниот ученик од секоја група го чита текстот пред паралелката.

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн-вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење француски јазик).

**Усно изразување:** *Parle-moi de ton temps libre.* Врз основа на веќе учениот вокабулар соодветен за темата (да се искористи вокабуларот од активноста: *Бура на идеи*) и тргнувајќи од прашањата *Qui? Que? Quand? Comment? Où?* учениците прават план за кусо и едноставно усно претставување на своите активности во слободното време. Потоа еден ученик почнува да зборува за нив, а на крајот му го поставува прашањето *Et toi?* на еден соученик кој продолжува да зборува за своите активности во слободното време.

**Усна интеракција:** *Et toi, qu’est-ce que tu fais pendant ton temps libre?* Учениците во група по двајца разменуваат усни информации водејќи дијалог со прашања и одговори од типот:

*-Qu’est-ce que tu aimes faire pendant ton temps libre ?*

*-J’aime dessiner.*

*-Tu fais ça le week-end ou en semaine ?*

*-Je dessine pendant les week-end*.

*-Où est-ce que tu fais ça ?*

*-Je dessine dans l’atelier de mon père.*

**Писмено изразување:** Во порака, на својот другар/другарка ученикот му/ѝ пишува како поминал/а за време на училишна забава.

| |
|---|
| **Креативна активност:** Учениците добиваат задача да замислат дека организираат забава. Се делат во групи и се договараат за местото на забавата, датумот, времетраењето/ часот, активностите, игрите, музиката. Може да дадат повеќе предлози што потоа ќе ги презентираат пред соучениците и ќе се гласа. На крај, пишуваат покани на француски јазик во кои ќе ги вклучат договорените информации за забавата. |

<table>
<tr><td colspan="2">Тема 3: ПОШИРОКО ОКРУЖЕНИЕ<br>Вкупно часови: 21</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере слушнати искази во врска со насоки за ориентирање и движење во простор;<br>2. разбере слушнати/пишани едноставни текстови во врска со место на живеење;<br>3. побара/даде насоки за ориентирање и движење во простор;<br>4. опише, усно и во краток едноставен текст, место на живеење.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):</td><td>Стандарди за оценување:</td></tr>
<tr><td>А) Говорни чинови (actes de parole):<br>● Барање/давање насоки за ориентирање и движење во простор<br>(- Excusez-moi, Madame, je cherche la bibliothèque, où se trouve-t-elle ? / Pourriez-vous me l’indiquer ?<br>- Allez tout droit jusqu’au premier feu rouge. Puis, tournez à gauche. Vous allez passer devant un café et là vous verrez un grand bâtiment vert : c’est la bibliothèque.)</td><td>● Разбира слушнат и/или пишан текст во врска со насоки за ориентирање и движење во простор.<br>● Разбира слушнат и/или пишан текст во врска со место на живеење.<br>● Бара/дава, во усна интеракција, насоки за ориентирање и движење во простор.<br>● Бара/дава, во усна интеракција, информации за место на живеење.<br>● Опишува, усно и во краток едноставен текст, место на живеење.<br>● Составува краток едноставен текст со опис на идно место на живеење.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| ● **Барање/давање информации за место на живеење**<br>*(- Paul, où habites-tu / d'où viens-tu ? - Je viens d'un village près de la capitale. - Il est comment ton village, grand ?*<br>*- Non, il est petit mais très sympa et calme.)*<br><br>● **Опишување место на живеење**<br>*(Ma copine habite à la campagne, loin de Lyon. Son village est tout petit et il est entouré de montagnes. On y organise souvent des pique-niques au bord de la rivière. C'est très agréable, surtout en été…*<br><br>*-J'habite dans un quartier. Il se trouve à proximité du stade national. …)*<br><br>● **Опишување идно место на живеење**<br>*(- Dans 20 ans, j'aurai une grande famille. J'habiterai dans une maison loin du centre ville. Sans bruit. Comme j'aime beaucoup la nature et la tranquillité, j'aurai une vie calme, loin du bruit et des grands boulevards. …)* | |
| Б) Лексички единици:<br>● **Живеалиште**<br>*(un immeuble, un appartement, une maison, une villa.)*<br><br>● **Населено место**<br>*(une ville, un village, une campagne, un centre-ville, une banlieue, un quartier, un arrondissement, une capitale.)*<br><br>● **Географски поими поврзани со опкружување** | ● Разбира и набројува зборови и изрази поврзани со поширокото окружение (живеалиште, населено место, географски поими, објекти и институции, превозни средства за градски сообраќај).<br>● Пренесува значење, на мајчин или на француски јазик, на зборови и изрази поврзани со поширокото окружение (живеалиште, населено место, географски поими, објекти и институции, превозни средства за градски сообраќај).<br>● Пренесува значење, на мајчин или на француски јазик, на зборови и изрази поврзани со барање/давање насоки за ориентирање и движење во простор. |

| | |
|---|---|
| *(le lac, la montagne, la colline, le fleuve, la rivière, la mer, la plage, la vallée, le champ, la forêt, …)*<br><br>● **Објекти и институции во населено место**<br>*(une mairie, une école, un lycée, un gymnase, une piscine, un théâtre, une salle de spectacle, un cinéma, un musée, une banque, un centre commercial, un hôtel, un hôpital, une pharmacie, un marché, un café, un bistrot, un magasin, une épicerie…)*<br><br>● **Превозни средства за градски сообраќај**<br>*(un bus, un taxi, une voiture, un vélo, une trottinette électrique, un métro, un tram, le RER, …)*<br><br>● **Насоки за движење и ориентирање во простор:**<br>*(à gauche; à droite; tout droit; loin de …, près de…, à côté de …, au bord de …, en face de …, au bout de…, au coin de …, …*<br>*tourner, continuer, prendre, traverser, suivre, passer, chercher, aller, …*<br>*allez tout droit; tournez à droite; prenez la première rue à gauche, …)* | ● Употребува соодветни зборови и изрази при барање/давање насоки за ориентирање и движење во простор.<br>● Употребува соодветни зборови и изрази, во едноставен текст, поврзани со поширокото окружение. |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br>● **Фонетика (Phonétique):**<br>Продолжение на усвојувањето на:<br>- Вокален и консонантски систем на францускиот јазик (le système vocalique et consonantique du français);<br>- Прозодиските елементи: акцент, ритам, интонација (les éléments prosodiques: accent, rythme, intonation );<br>-Задолжителното поврзување (les liaisons obligatoires; l'enchaînement); елизија на вокалите (l'élision des voyelles).<br><br>Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br>● **Член (Article)**<br>● **Именки (Noms):**<br>- род (genre) и број (nombre) на често употребувани именки.<br>● **Придавки (Adjectifs):**<br>описни, (Les adjectifs qualificatifs);<br>● **Заменки (Pronoms):**<br>- неопределени (Les pronoms indéfini);<br>- Прилошки заменки (Les pronoms adverbiaux):<br>(*en, y*);<br>- прости релативни заменки (Les pronoms relatifs simples): | ● Разликува и правилно изговара гласови карактеристични за францускиот јазик во зборови, ритмички групи, реченици.<br>● Се изразува  со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>● Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>● Употребува соодветни форми на описни придавки.<br>● Употребува соодветни форми на описни придавки.<br>● Употребува соодветни форми на неопределени заменки, прости релативни и прилошки заменки.<br>● Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во сегашно време.<br>● Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во идно (futur simple) и во блиско идно време (futur proche).<br>● Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во заповеден начин.<br>● Употребува соодветни форми на предлози и сврзници во даден контекст.<br>● Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици при усно и писмено изразување. |

| | |
|---|---|
| (*qui, que, dont, où*).<br><br>Повторување и продлабочување на:<br>● **Глаголски времиња и начини:**<br>- Индикатив (Indicatif)<br>- Сегашно време (Le présent);<br>- Идно време (Le futur simple);<br>- Блиско идно време (Le futur proche) ;<br>- Заповеден начин (Impératif).<br><br>● **Прилози (Adverbes):**<br>- За време (Les adverbes de temps):<br>(*demain, l'année prochaine, le jour suivant, souvent, …*);<br>- За количина (Les adverbes de quantité):<br>(*très, beaucoup, assez, …*);<br>- За начин (Les adverbes de manière):<br>(*bien, vite, ensemble, …*);<br>- За место (Adverbes de lieu):<br>(*ici, là, devant, derrière, loin, près, ….*)<br><br>● **Предлози (Prépositions):**<br>(*à, de, avec, dans, sur, sans, par, entre, …*)<br>-Предлошки изрази (Locutions prépositives): (*loin de …, près de, …* ).<br><br>● **Сврзници (Conjonctions):**<br>(*et, ou, mais, donc, …* ).<br>● **Проста реченица (Phrase simple):** | |

| | |
|---|---|
| исказна - потврдна и одречна форма (phrase déclarative - forme affirmative et négative); прашална (phrase interrogative); извична (phrase exclamative). | |

**Примери за активности**

**Слушање/читање краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (*qui, quoi, quand, comment, où*), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*J'habite dans un quartier calme. Il y a un supermarché près de chez moi. Ma famille y fait les courses chaque semaine. À côté, il y a un bistro. Mon école est aussi dans le quartier. Je peux y aller à pied. Il y a aussi un parc où je retrouve mes amis après les cours. J'aime mon quartier parce qu'il est pratique et agréable. Tout est proche et les gens sont sympas.*

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Учениците поврзуваат дадени слики со соодветни зборови и изрази што означуваат активности од слободното време (на работен лист или на интерактивна табла). Ги проверуваат заеднички решенијата и ги коригираат, доколку е потребно. Потоа ги препишуваат во тетратките.

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Наставникот дава листа со зборови што означуваат институции во населено место (cinéma, poste, musée centre commercial, théâtre…). Учениците дополнуваат реченици со зборови од листата (пр. *Allons au _______ pour regarder un film. J'ai acheté deux kilos de tomates au ______________. Quand on a des problèmes de santé on va à l'____________.)*

**Вежба:** *Dans mon quartier il y a /il n'y a pas* . Наставникот дава/покажува листа со зборови и/или со слики што означуваат институции и објекти во населено место. Учениците индивидуално ги набројуваат институциите и објектите што постојат и што ги нема во нивното место на живеење.

**Вежба:** *Поврзување реченици со релативни заменки.* Наставникот дава пример за две едноставни реченици што потоа ги поврзува во една реченица со помош на релативна заменка (Пр. *Il y a un plat sur la table. Il est délicieux. /Le plat qui est sur la table est délicieux*). Потоа учениците го следат примерот и составуваат реченици во кои ќе употребат релативна заменка.

**Вежба:** Наставникот дели работен лист со табела во која во едната колона се запишани форми на глаголи во заповеден начин (vas, allez, traverse, traversez, passe, passez, tourne, tournez, continue, continuez, prends, prenez), а во втората колона зборови од типот: *à gauche, la rue, la place, à coté de, à droite, tout droit, la direction de…* Учениците, во групи, ги поврзуваат елементите од првата и од втората колона за да искажат движење во правец и насока, составувајќи реченици. Потоа, еден претставник од секоја група чита една од составените реченици. Останатите ученици внимателно слушаат и дополнуваат или коригираат доколку е потребно.

| |
|---|
| **Вежба:** *Comment aller à…?* Наставникот ги дели учениците во групи и на секоја група ѝ дава план на исто населено место со означена појдовна точка, но со различна  дестинација за секоја група. Еден претставник од секоја група ја објаснува патеката на движење од појдовната до целната точка, а останатите ученици ја откриваат дестинацијата.<br><br>**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење француски јазик).<br><br>**Усно изразување:** *J'habite dans un quartier calme et propre. Il y a une école et un parc. Il y a peu de magasins et un marché qui est près de la poste. Au milieu du quartier, il y a une petite place.*<br><br>**Писмено изразување:** *Ma ville/mon village/mon quartier dans 10 ans. Учениците составуваат краток текст со замислено место на живеење. Dans 10 ans, mon quartier sera plus grand, propre et très beau. Il y aura un parc d'attractions pour tout le monde et beaucoup de pistes cyclables…* |

| Тема 4: ***ФИЗИЧКА И ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА***<br>Вкупно часови: 18 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да**:**<br>1. разбере слушнати/пишани кратки едноставни текстови во врска со физичка и здравствена состојба;<br>2. побара/даде информации за физичка и здравствена состојба;<br>3. даде совети за физичка и здравствена состојба;<br>4. ја опише, усно и во едноставен текст, својата физичка и здравствена состојба. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| А) Говорни чинови (actes de parole):<br>● **Барање/давање информации за физичка и здравствена состојба**<br>(-Comment vous vous sentez aujourd'hui ?<br>- Je vais bien, merci.<br><br>- Ça va ? | ● Разбира слушнати/пишани кратки едноставни текстови во врска со физичка и здравствена состојба.<br>● Разменува информации, при усна интеракција, во врска со  физичка и здравствена состојба.<br>● Дава совети, при усна интеракција, во врска со физичка и здравствена состојба. |

| | |
|---|---|
| - Ça va.<br><br>- Ça va mieux ?<br>- Pas vraiment.<br><br>- Tu te sens bien ?<br>- Oui. Je suis en pleine forme aujourd'hui.<br><br>- Tu te sens mieux aujourd'hui ?<br><br>- Tu as retrouvé la forme ?<br><br>- Salut Pierre, tu vas bien?<br>- Salut Marc, euh, pas très bien, mais …. et toi?<br>- Moi, ça va. Mais toi, tu n'as pas bonne mine. Qu'est-ce qui t'arrive?<br>- J'ai mal au ventre depuis ce matin. Je me sens un peu fatigué.)<br><br>● **Давање совети за подобра физичка и здравствена состојба**<br><br>*(- Hugo, tu devrais pratiquer plus d'activités physiques, c'est bon pour la santé.*<br><br>*- Il ne faut pas rester devant l'ordinateur très longtemps.*<br><br>*- Il faut boire plus d'eau. Cela pourrait t'aider à te sentir mieux !*<br><br>*- Fais attention à ce que tu manges ! - J'essaie, mais j'adore les pizzas….*<br><br>*- Prenez des vitamins. )* | ● Ја опишува усно својата физичка и здравствена состојба.<br>● Составува едноставен текст за својата физичка и здравствена состојба. |

| | |
|---|---|
| • **Опишување физичка и здравствена состојба**<br><br>(- *Après une longue promenade, je me sens très fatigué, mais en même temps, je suis heureux.*<br><br>*- Hier, je ne suis pas allé(e) à l'école. J'étais malade, j'avais mal à la gorge.*<br>*- Je me suis bien reposé(e). Je suis en pleine forme.*<br>*- Je suis malade. Je ne me sens pas bien.*<br>*J'ai mal au pied.*<br>*- Je tousse, j'ai de la fièvre.)* | |
| Б) Лексички единици:<br>• **Здравствена состојба:**<br>(*être en bonne santé/ tomber malade*<br>*avoir bonne/mauvaise mine*<br>*avoir mal au ventre / à la tête/aux dents ….*<br>*avoir le nez bouché/ le nez qui coule,*<br>*avoir de la fièvre,*<br>*attraper le rhume,*<br>*tousser,*<br>*faire une bronchite …*<br>*avoir 38 de fièvre*).<br><br>• **Физичка состојба**<br>(*être en pleine forme /se sentir bien, mieux, mal, ne pas être en forme, être fatigué, se sentir faible*).<br><br>• **Човечко тело (утврдување и проширување на зборови и изрази**)<br>(*un corps, une tête, un cou, un dos, un bras, une main, un doigt, un coude, une jambe, un pied, un genou, un ventre …*). | • Разбира и набројува зборови и изрази што означуваат физичка и здравствена состојба.<br>• Пренесува значење, на мајчин или на француски јазик, на зборови и изрази поврзани со физичка и здравствена состојба.<br>• Употребува поими и изрази, при разменување информации за физичка и здравствена состојба.<br>• Употребува поими и изрази, во едноставен текст, поврзани со физичка и здравствена состојба. |

| | |
|---|---|
| В) Граматички содржини:<br><br>● **Фонетика (Phonétique):**<br>Продолжение на усвојувањето на:<br>- Вокален и консонантски систем на францускиот јазик (le système vocalique et consonantique du français);<br>- Прозодиските елементи: акцент, ритам, интонација (les éléments prosodiques: accent, rythme, intonation );<br>- Задолжителното поврзување (les liaisons obligatoires; l'enchaînement); елизија на вокалите (l'élision des voyelles).<br><br>Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:<br><br>● **Член (Article)**<br><br>● **Именки (Noms):**<br>- род (genre) и број (nombre) на често употребувани именки.<br><br>● **Придавки (Adjectifs):**<br>- описни, (Les adjectifs qualificatifs).<br><br>● **Заменки (Pronoms):**<br>- неопределени (Les pronoms indéfini).<br><br>Повторување и продлабочување на:<br>● **Глаголски времиња и начини:**<br>- Индикатив (Indicatif) | ● Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран.<br>● Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази.<br>● Употребува соодветни форми на именки.<br>● Употребува соодветни форми на описни придавки.<br>● Употребува соодветни форми на неопределени заменки.<br>● Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во сегашно време.<br>● Ги употребува соодветните форми на модалните глаголи во сегашно време на условниот начин (conditionnel présent) на модални глаголи – *pouvoir* и *devoir,* при давање совет.<br>● Употребува соодветни форми на глаголи (поврзани со темата) во заповеден начин.<br>● Ги употребува прилозите за количина и за начин: *très, beaucoup, assez, bien, mal, vite, ensemble,...* во едноставни реченици.<br>● Употребува соодветни форми на предлози и сврзници во даден контекст.<br>● Користи едноставни расказни (потврдна и одречна форма), прашални и извични реченици при усно и писмено искажување. |

| | |
|---|---|
| - Сегашно време (Le présent);<br>- Условен начин (Conditionnel)<br>- Сегашно време (Le conditionnel présent) на модалните глаголи *pouvoir* и *devoir*;<br>- Заповеден начин (Impératif).<br><br>● **Прилози (Adverbes):**<br>- За количина (Les adverbes de quantité): (*très, beaucoup, assez, …*);<br>- За начин (Les adverbes de manière): (*bien, mieux, mal, …*);<br><br>● **Предлози (Prépositions):**<br>(*à, de, avec, dans, sur, sans, par, entre, …*)<br>- Предлошки изрази (Locutions prépositives): (*loin de …, près de, …* ) ;<br><br>● **Сврзници (Conjonctions):**<br>(*et, ou, mais, donc, …* );<br><br>● **Проста реченица (Phrase simple)**:<br>исказна - потврдна и одречна форма (phrase déclarative - forme affirmative et négative); прашална (phrase interrogative); извична (phrase exclamative). | |

**Примери за активности**

**Слушање/читање краток едноставен текст/слика/видео/аудио снимка проследено со некоја од следниве активности:** давање претпоставки, одговорање на прашања за глобално разбирање (qui, quoi, quand, comment, où), точно/неточно, отворени прашања, прашања за поврзување информации, прашања со повеќечлен избор.

*Je m'appelle Alex et j'ai 15 ans. Je suis lycéen et je fais du basket trois fois par semaine. Le sport m'aide à rester en forme. Je fais aussi attention à ce que je mange. Le matin, je mange des fruits et des céréales. À midi, j'évite les fast-foods et je mange des légumes. Je me sens bien et en forme parce que je fais du sport. Parfois, je suis fatigué après un match, mais je suis toujours content.*

**Практична задача:** *Доаѓање до значењето.* Во замислена ситуација во која учениците се на екскурзија во Франција, некој ученик има здравствен проблем. Во дадена табела во работен лист, во левата колона, во парови, учениците запишуваат зборови и изрази, на мајчин јазик, со кои се искажува можна здравствена состојба (болка во стомак / главоболка, настинка…), и што би презеле за надминување на таа состојба (витамини, лек, чај, одмор…). Наставникот ги запишува предложените зборови и изрази на табла, во лева колона од табела. Потоа, во текст на француски јазик на дадената тема, по дадена насока од наставникот, учениците ги подвлекуваат и ги запишуваат во десната колона од табелата изразите со avoir, être и делови од човечкото тело. Потоа секој ученик индивидуално ги поврзува изразите на мајчин јазик со еквивалентот на француски јазик. На крајот се прави проверка на претпоставките за решенијата, а наставникот ги внесува точните одговори на табла.

**Практична задач**а: *Donner un conseil.* Учениците гледаат видео поврзано со давање совет (ситуација кај лекар, во аптека). Наставникот поставува прашања за глобално разбирање на видеото. При второто гледање, со паузи, учениците ги издвојуваат изразите за давање совет и ги запишуваат во тетратка. Потоа учениците ги читаат а наставникот коригира доколку има потреба.

**Вежба:** *Подредување реплики во дијалог.* Учениците по групи добиваат исечоци со реченици од текст и ги подредуваат по логичен редослед за да состават дијалог. Еден ученик од секоја група го чита составениот дијалог на глас. Учениците внимателно слушаат, а наставникот, доколку е потребно, врши корекции на презентираното.

**Вежба:** *Chez le médecin* - игра по улоги. Два ученика, во улога на пациент и доктор, составуваат едноставни дијалози во кои ќе искажат здравствена состојба, односно ќе дадат совет.

**Вежба:** Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија (креирани од наставникот или веќе постоечки на интернет-страниците за учење француски јазик).

**Усно изразување:** На прашањето*: -Qu'est-ce que je dois faire pour être en forme ?* секој од учениците дава одговор од типот: - *Fais des exercices./Mange des fruits et des légumes. / Mange beaucoup de salade, ne mange pas de pain …*

**Усна интеракција:**
*-Tu te sens comment ? Ça va bien ?*
*-Je ne me sens pas bien. Je suis malade et j'ai mal à la gorge.*
*-Reste à la maison, repose-toi bien, bois du thé et prends des vitamines.*

**Писмено изразување:** Учениците пишуваат кратка едноставна порака до својот другар во кој ја опишуваат својата физичка и здравствена состојба како причина за отсуство од часовите.

**Креативна активност:** *Je me sens … .* Учениците заеднички креираат умна мапа со зборови и изрази од обработената тема.

Тема 5: ***КУЛТУРА И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА***

Вкупно часови: Се реализира во склоп на часовите наменети за другите теми, во текот на целата учебна година.

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

- демонстрира способност за препознавање и разбирање на културни информации преку употреба на стекнатиот вокабулар и граматички структури;
- ги применува новостекнатите јазични и културни знаења за анализа и интерпретација на текстови, медиуми и активности релевантни за дадените култури;
- го користи стекнатиот вокабулар и граматички структури за да опише и спореди обичаи, традиции и културни практики меѓу сопствената и дадената култура.

Ученикот/ученичката ќе:

- развива емпатија и почит кон луѓето од различни културни позадини;
- има позитивен став кон културните разлики и културната разновидност;
- ја разбира и прифаќа вредноста на мултикултурниот дијалог како начин за збогатување на сопствените погледи и искуства;
- размислува критички за сопствените ставови и предрасуди кон други култури;

- ги почитува универзалните вредности како што се толеранцијата, соработката и меѓусебното разбирање.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| Содржините во наставната програма се насочени кон запознавање на учениците со културните, цивилизациските, социјалните и социојазичните аспекти на земјите каде што се зборува на француски јазик. При тоа треба да овозможат развивање културна свест, разбирање на културните разлики и споредба со сопствената култура. | • Идентификува значајни обичаи и традиции на дадена култура.<br>• Ги објаснува основните концепти и вредности што ги одразуваат културните практики на земјите во кои се зборува на француски јазик.<br>• Ги опишува сличностите и разликите помеѓу обичаите, традициите и навиките во дадената и сопствената култура, користејќи релевантни примери.<br>• Ги препознава и толкува културните и цивилизациските обележја на Франција, објаснувајќи го нивното значење.<br>• Ги применува стекнатите јазични вештини и знаењата за културата и во ситуации кои бараат интеркултурна комуникација. |

**Примери за активности**

**Индивидуална активност:** Учениците самостојно пишуваат краток едноставен текст во кој ги опишуваат интересите и афинитетите на младите од целната култура, користејќи го стекнатиот вокабулар.

**Квиз:** Учениците, поделени во мали групи, се натпреваруваат на квиз со прашања од типот "Точно/Неточно", "Избери го точниот одговор" или "Пополни ги празните места", во врска со културните и цивилизациските обележја на Франција.

**Дебата:** Учениците, поделени во две групи, дебатираат, на мајчин или на француски јазик, на тема „Се грижат ли младите доволно за сопствената физичка и здравствена состојба?

**Дискусија:** Наставникот започнува дискусија со прашањето: "Се разликува ли начинот на кој го минувате вие слободното време од оној на вашите врсници во земјите каде што се зборува на француски јазик?" Учениците ги споделуваат своите размислувања.

**Играње улоги:** Учениците симулираат сцена при први контакти со лица од културата чиј јазик се изучува. При тоа ги користат правилните изрази, поздрави и социјални норми што ги учат.

**Креативна активност:** Прошетка низ Париз: Наставникот преку видео презентација ги запознава учениците со Париз и позначајните знаменитости. Откако ќе заврши со презентирањето, на табла прикачува мапа на Париз во форма на нема карта. Наставникот претходно

подготвува сликички на знаменитости од Париз со неколку кратки информации кои се однесуваат за секоја од нив (La Tour Eiffel, L' Arc de Triomphe, Le Musee de Louvre...). Учениците, еден по еден, излегуваат на табла, влечат по една сликичка и ја прикачуваат на соодветната точка на мапата. Потоа, на мајчин (или француски) јазик ги споделуваат усно информациите за конкретната знаменитост со останатите ученици.

**Истражувачка активност:** Петанк. Учениците, во групи, според насоки од наставникот, бараат информации од интернет за играта Петанк. Потоа, ги разменуваат информациите, ги одбираат најзначајните и изработуваат еден заеднички постер.

**Истражувачка активност:** Региони во Франција. Наставникот подготвува ливчиња со имиња на региони во Франција (Bourgogne- Franche-Compte, Bretagne, Centre-Val de Loire, Normandie, Pays de la Loire, Provence Alpes Cote d'Azur, Occitaine, Nouvelle Aquitaine, ...). Учениците се поделени во групи и секоја група влече едно ливче на кое е напишано името на регионот што треба да се претстави. Добиваат упатство од наставникот да истражуваат дома за географската местоположба, поголемите градови, реки, планини и карактеристики (специјалитети, културни и спортски настани и сл.). Секоја група прави ПП презентација и на некој од наредните часови го презентираат регион, пред останатите групи.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите ,ожни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

По предметот Француски јазик за I година на гимназиското образование, учениците ги совладуваат петте јазични вештини: разбирање при слушање, разбирање при читање, зборување (говорна интеракција и говорна продукција), пишување (писмена интеракција и писмена продукција) и јазично посредување (медијација). За таа цел наставникот/наставничката ги следи и ги оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во дијалози со примена на усвоената лексика.
- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран.
- .разбирањето на слушнати и /или пишани искази, дијалози и куси текстови.
- пренесувањето говорени и пишувани искази од француски на мајчин јазик и обратно.
- правилното пишување зборови, реченици и дијалози, како и пишувањето пораки, лични писма, покани, електронски писма, насочени состави, парафразирање кратки текстови и пишување сопствено мислење на дадена тема.
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации).
- домашните задачи.

Оценувањето на постигнувањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците.

Вреднувањето на напредокот на учениците  со бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување се врши по завршување на учењето на секоја тема, на крајот на полугодието и на крајот на учебната година. Сумативната оценка се изведува како комбинација од оценката за напредувањето, констатирана преку различните техники на формативно оценување и од писмените проверки на компетенциите на учениците (работни ливчиња, тестови, писмени работи) на тест на знаење.

Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови.

Оценувањето е составен, а неизолиран дел од наставниот час. Проверката на знаењето, како и оценувањето на учениците, не треба да се разликува од редовните активности во текот на часот, односно учениците не треба да се издвојуваат поединечно при усната проверка на знаењето.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Француски јазик* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр. 13-5306/19<br>3.4.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |